**Ден на конкуренцијата**
**„Унапредување на политиката на конкуренцијата“**
**Белград, Република Србија**

**12 Април 2019 година**




На 12-ти Април 2019 година во Белград, Република Србија се одржа Конференција по повод Денот на конкуренцијата на тема „Унапредување на политиката на конкуренцијата“, организирана од Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија.

Комисијата за заштита на Република Србија и сите учесници на конференцијата, со посебна видео порака ги поздрави Комесарката за конкуренција на Европската Комисија г-ѓа Маргарет Вестагер, која истакна дека сите тела кои се надлежни за спроведување на политиката за заштита на конкуренцијата делат една важна привилегија: тоа што тие го работат е од суштинска важност за граѓаните.

На конференцијата учествуваа во панел дискусија претседателите на конкурентските тела во земјите во регионот: Босна и Херцеговина, Албанија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Од Република Северна Македонија на оваа конференција учествуваше претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата д-р Владимир Наумовски. На оваа конференција исто така свои излагања имаа и претставници од конкурентските управи на Италија, Романија, Австрија и Турција.

По завршување на конференцијата, беше остварена средба со претставници од EBRD на која е разговарано во врска со проект на EBRD кој се однесува на формирање на Форум на телата за заштита на конкуренцијата од Западен Балкан.